7.	ул. “Моша Пијаде “	8459
8.	ул. ”Ванчо Китанов“	2700
9.	ул “Ѓуро Салај”	3377
10.	ул.”Н. Н. Борче”	2460
11.	Ул. „Сава Коваќевиќ“	3768
12.	Ул. „Беласица“	936
13.	Ул. „Монополска“	888
14.	ул. “Орце Николов “	1060
15.	ул.”Мирче Ацев“	588
16.	ул. “Никола Тесла“	2058
	Вкупно:	**47526**

Миењето на булеварите и улиците ќе се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од јуни па се до крајот на септември.

Интензитетот на миењето е 6 дена седмично во поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.

Во зимскиот период во услови на снег дневно-дежурните и ноќните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки и плоштадите, како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација. Исто така ќе вршат машински и рачно посипување со индустриска сол. Чистење на јавните површини од снежните врнежи ќе се врши согласно Програмата за зимско одржување на улиците на општина Струмица донесена од Советот на општина Струмица.

Чистењето на јавните објекти, дворни површини, колективни и индивидуални објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции двапати годишно и тоа во месец мај и при крајот на месец септември, со претходно објавување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини по јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности. Доколку постојат објективни можности по чистењето на наносите ќе се врши перење на улиците.

Во населените места (руралните средини) кои имаат урбанистички планови ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица еднаш седмично.

На Спомен-костурницата, Трим-патеката и околината на манастирот "Св. Илија" ќе се врши редовно чистење и празнење на поставените корпи за отпад.

3. Чистење на диви депонии

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одределуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам и комунални работи. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие, а се одобруваат од Секторот за урбанизам и комунални работи.

4.Начин на финансирање

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струмица се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет, согласно Одлуката за одржување на јавната чистота („Сл. гласник на општина Струмица" бр. 16/08) и се предвидени во Буџетот на општина Струмица за 2015 година и тоа:

Програма Ј4 – Јавна чистота
во износ од ..... 6.950.000,оо денари
од кои:

- Јавна чистоќа –
- ЈПКД „Комуналец" .. 6.000.000,оо денари;
- Чистење дива депонија Водоча и уредување зеленило . 300.000,оо денари;
- Дезинфекција и
- дератизација ..... 600.000,оо денари; и
- Чистење на дива депонија кај Градски гробишта ..... 50.000,оо денари.

Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини, поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Секторот за урбанизам и комунални работи и се финансираат од страна на организаторот, согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

5. Извршител на Програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈПКД "Комуналец" Струмица.

ЈПКД "Комуналец" Струмица изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

6. Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секторот за урбанизам и комунални работи.

Инспекциски надзор, над извршувањето на Програмата вршат комуналните инспектори на Општина Струмица.

7. Завршна одредба

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Струмица".

Бр. 08-9791/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
……..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Струмица за 2016 година

Се објавува Програмата за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Струмица за 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9792/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

331.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Струмица за 2016 година

Вовед

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на Општина Струмица за 2016 година, има за цел да ги прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на градот, заштитените подрачја и спортско рекреативните центри и уредувањето на нови зелени површини, како и начинот на нивното финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларните прегледи, опфатени со Годишниот план за работа на извршителот на Програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкцијата на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

I. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардните и биотехничките нормативи.

1. Јавни зелени повшини

Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Струмица дел се врши интензивно, а дел екстензивно. Под интензивно одржување подлежат следниве зелени површини:

- Парковски зелени површини;
- Зелени површини на булевари;
- Зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен карактер;
- ул. „Благој Јанков Мучето";
- плоштад „Гоце Делчев" ;
- зеленило кај „Отекс";
- зеленило кај Супер маркет;
- кружен тек на ул ,,Балканска" и ,,Маршал Тито";
- кружен тек на ул ,,22 Декември" и ,,Орце Николов";
- зелена површина на ул ,,Брака Миладинови";
- зелена површина на ул ,,Братство и Единство";
- зелена површина на ул."Климент Охридски";

Под екстензивно одржување подлежат дрворедите, и зелените површини околу детските игралишта.

Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќе се уреди согласно со Оперативна програма, истото се врши согласно со прегледите кои се составни делови на Програмата, со кои ке се вградат сите елементи на одржување зеленилото со сите негови пропратни делови како и мерки за негово збогатување и реконструкција.

1.Во парковски површини спаѓат следниве:

- Парк пред Собрание_____3.250 м^2
- Градски парк (прв дел)_____22.575 м^2
- Градски парк (втор дел)_____16.493 м^2
- Градски парк (трет дел)_____50.000 м^2
- Бежански парк_____ 860 м^2
- Парк „29 Ноември"_____ 750 м^2

Вкупно: _____93.928 м^2

2.Зелени површини на булевари

Во зелени површини на булевари спаѓаат:

- бул. ,,Маршал Тито" _____ 1.391 м^2
- бул. ,,Ленинова" _____ 918 м^2
- бул. ,,Гоце Делчев" _____ 850 м^2
- бул. ,,Балканска" _____ 700 м^2
- бул. „Климент Охридски" _____1.100 м^2

Вкупно:_____ 4.959 м^2

3. Други зелени површини

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- ул ,,Благој Ј. Мучето” _____ 700 м^2
- плоштад ,,Гоце Делчев” _____ 280 м^2
- зеленило пред ,,Отекс”_____ _____ 250 м^2
- зеленило кај супер маркетот _____ 50 м^2
- кружен тек на ул „Балканска”_____ 172 м^2
- кружен тек на ул „22 Декември” _____ 410 м^2
- зелени површина на ул ,,Брака Миладинови” _____ 357 м^2
- зелена површина на ул “Климент Охридски” _____1.100 м^2
- зелена површина на ул ,,Братство и Единство”_____ 78 м^2
- кружен тек на ул.Климент Охридски”_____ 452 м ^{2}
- зелена површина на ул.”Маршал Тито” _____1.030 м ^{2}
- кружен тек на бул.„Гоце Делчев“_____ 275 м^2
- кружен тек на бул.„Маршал Тито“ _____ 310 м^2
- кружен тек на бул.„Ленинова“_____ 51м^2

Вкупно: _____ 5.515 м^2

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ
НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА
ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Реден Број	Вид операција	Мерна единица	Количина	Бр.на операци
1	Гребулање на тревата	м^2	83947	10
2	Машинско косење на тревата	м^2	83947	10
3	Собирање на искосената трева	м^2	83947	10
4	Припрема на цв. површини	м^2	2701	2
5	Садење на сезонско цвеке	м^2	2701	2
6	Прашење на сезонско цвеке	м^2	2701	6
7	Кроење на жива ограда	м^2	336	2
8	Окопување на жива ограда	м^2	336	2
9	Окопување на грмушки	бр	3225	1
10	Кроење на грмушки и дрва	бр	3225	1
11	Окопување на ружи	бр	1623	4
12	Кроење на ружи	бр	1623	2
13	Чистење на зелени површини	м2	82615	3
14	Заливање на зелени површини	м^2	82615	60

15	Сечење на ивици по стази	м	6470	2
16	Собирање на отпад со износ	$м^2$	82615	252
17	Метење на стази	$м^2$	5600	252
18	Прихранување со минерално г.	кг	4939	
19	Расад сезонско цвеке	бр	37525	
20	Вода потрошена за заливање	$м^3$	37782	
21	Одржување на дрвореди	бр	1850	
22	Заштита на палми	бр	35	

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА
РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ - КАЛЕНДАРСКИ

Р. бр	РАБОТНА ОПЕРАЦИЈА	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	Вкупно
1	Гребулење на тревата пред м.к.	-	-	-	1	2	2	1	2	1	1	-	-	10
2	Машинско косење на тревата	-	-	-	1	2	2	1	2	1	1	-	-	10
3	Собирање на искосената трева	-	-	-	1	2	2	1	2	1	1	-	-	10
4	Припремање на цветни површ.	-	-	-	-	1	-	-	-	-	1	-	-	2
5	Садење на цветни површини	-	-	-	-	1	-	-	-	-	1	-	-	2
6	Прашење на сезонско цвеке	-	-	2	-	1	2	-	-	-	1	-	-	6
7	Кроење на жива ограда	-	-	-	1	-	1	-	1	-	1	-	-	4
8	Окопување на жива ограда	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	-	-	2
9	Окопување на грмушки дрвја	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	-	-	2
10	Кроење на грмушки и дрвја	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
11	Окопување на ружи	-	-	-	1	1	-	1	-		1	-	-	4
12	Кроење на ружи	-	-	-	1	-	-	-	-	-	1	-	-	2
13	Чистење на зелени површини	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1	2
14	Заливање на зелени површини	-	-	-	-	5	10	20	20	5	-	-	-	60
15	Сечење на ивици по стази	-	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	-	2
16	Собирање на отпад и износ	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	252
17	Метење на асфалтни стази	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	21	252
18	Варосување на дрвјата	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
19	Заштита на палми	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1

II. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈПКД "Комуналец" Струмица .

ЈПКД "Комуналец" Струмица изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастарски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Струмица, покрај

ЈПКД „Комуналец“, може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

III. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата, согласно Одлуката за комунален ред, врши Секторот за урбанизам и комунални работи.

Инспекциски надзор, согласно Одлуката за комунален ред, вршат општинските комунални инспектори.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот на општина Струмица Програма Ј7 каде што се предвидени средства во висина од 4.000.000,оо денари и од сопствени средства на ЈПКД „Комуналец“ Струмица.

Делот на подигање и реконструирање на јавните зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2016 година.

Цените за работите околу одржувањето, подигањето и реконструкцијата на зеленилото, кои ги врши ЈПКД “Комуналец” Струмица се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

V. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-9792/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
…….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2016 година

Се објавува Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9793/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

322.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2016 година

1. Вовед

Со Програмата за активностите од областа на културата за 2016 година, се продолжува со подршката на манифестации од областа на културата кои претставуваат традиционални вредности и белег на Општина Струмица.
Воедно се продолжува и со подршката на проекти од областа на културата на институции, здруженија на граѓани и поединци од подрачјето на Општина Струмица.

2. Цели

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на општина Струмица кон задоволувањето на

потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;

- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Струмица;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Струмица;
- Создавање услови за квалитетно културно жиеење, соодветно на статусот на општина Струмица;
- Промовирање и поддржување на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Струмица како развиен културен центар;
- Презентирање и афирмирање на творците, интерпретаторите и институциите од областа на културата во земјава и странство;
-Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.

3. Активности

- Активностите на Општина Струмица во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма;

Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:

-Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно - уметнички манифестации со потврдени квалитети и присутен голем интерес на граѓаните;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат културниот живот на општината;

-Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички и забавно-едукативни содржини;

-Претставување во општината во Република Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;

-Поддржување на откривањето и презентирањето на нови сознанија за материјалното и духовното наследство за општина Струмица;

-Одвивање на културно-уметнички и забавни приредби на атрактивни историски и урбани простори и објекти на подрачјето на општина Струмица;

-Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во општина Струмица;

-Унапредување на меѓународната - културна комуникација врз реципрочна основа со други градови од земјата и странство

- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

4. Финасирање

Активностите на општина Струмица од областа на културата, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Струмица за 2016 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Општина Струмица ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

-Буџетот на Република Македонија за 2016 година (преку надлежните министерства);

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство; и

- Други извори.

5. Распоредување на буџетските средства

Средствата од Буџетот на Општина Струмица за 2016 година се распоредуваат како учество на Општина Струмица за поттикнување, одржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата преку програмите К1, К3 и К4 и тоа:

К1: Библиотекарство		
р.б.	**Назив на програмата**	**Износ денари**
1	трансфер до библиотека	
2	конзервација и дигитализација на ретки книги	
	Вкупно:	**850.000**

К3: Музичка и кинотечна дејност		
р.б.	**Назив на програмата**	**Износ денари**
1	Струмица опен фестивал	
2	Ристо Шишков	
3	Ликовна колонија	
4	Астер фест	
5	Фестивал на афоризми	
6	Фестивал Распеани Струмичани	
7	проект за подршка на млади уметници	
8	Фестивал Под кулите на Струмица	
9	Хорот Деница и школа за кавал	
10	Црешијада Вељуса	
11	Фестивал за детски песни JO-JO	
12	други културни манифестации и одбележувања	
13	подршка за издавање на книги И списанија	
14	проекти од областа на културата други	
15	подршка на здружение на борците	
16	проект претстава и фолклор Куклиш	
17	весник Се за Струмица	
18	подршка на проект за Јамајка, Берлин, Лос Анџелес	
19	проект за 5 години 100.000 поети за промена	
20	меѓународен фолклорен фестивал Тримери	
21	проект за струмички приказни	
22	мал градски театар Струмица	
23	проект историјографија за Струмица (Бајрактарова)	
	Вкупно:	**7.690.000**

К4: Културни манифестации и творештво		
р.б.	**Назив на програмата**	**Износ денари**
1	Карневал	
	Вкупно:	**2.500.000**

Средствата што се распоредени за дополнително утврдени манифестации, проекти и приредби ќе ги насочува Градоначалникот на општина Струмица, за активности кои не се опфатени со оваа Програма, а со својата активност, значење и квалитет придонесуваат за остварување на програмираните цели во областа на културата.

6. Манифестации и приредби што ќе се подржуваат и помагаат со други форми и активности

Други форми и активности со кои ќе се поддржуваат и помагаат културните манифестации, приредби и проекти се следните:

- Почесно покровителство на Општина Струмица;

- Доделување награди, пригодни подароци и слично;

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадрите и опремата со која располага Општина Струмица;

- Учество на претставници на Општина Струмица, при организирање протоколарни и промотивни средби, одржување на манифестции и реализирање на проекти од областа на културата.

Другите форми на активности за поддршка и помош на манифестациите и приредбите, ќе се реализираат од страна на надлежниот орган на Општина Струмица и тоа по барање на организатори на манифестациите и реализаторите на проектите до Градоначалникот на општина Струмица, усогласено со целите на оваа Програма и расположивите можности на Општина Струмица

7. Завршни одредби

Градоначалникот на општина Струмица се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-9793/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2016 година

Се објавува Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9794/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

333.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2016 година

1. Вовед

Со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во 2016 година, ќе се продолжи со реализација на проекти во функција на подобрување на условите за спортување, натпреварување и рекреирање на граѓаните од подрачјето на општина Струмица.

Со подршката на спорот се создаваат услови за поквалитетни натпреварувања на спортските клубови како и поголема заинтересираност и масовност на младите за спортски активности.

Практикувањето на спорот особено кај младите се повеќе претставува природна потреба за нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети.

2. Ц е л и

Основни цели на оваа Програма се:

- Остварување учество на Општина Струмица во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;
- Афирмирање на Општина Струмица како развиен спортски центар;
- Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младината, спортистите и на спортско-рекреативните активности на граѓаните;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Промовирање на можностите на Општина Струмица да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;
- Создавање услови за настапи во земјата и странство на наши истакнати спортисти и млади спортски надежи, како и за гостување во Општина Струмица на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција;
- Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка.

3. Активности

Активностите во областа на спортот, Општина Струмица ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма.

Во таа смисла ќе се спроведуваат активностите за:

-Заживување на спортските манфиестации со традиција за кои постои интерес кај граѓаните, спортските манифестации и спортистите од странство;

-Учество во организирањето натпревари со силна меѓународна конкуренција;

-Иницирање и реализирање посебни програми за создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите аматери, на учениците и младината;

- Поддржување на иницијативите и активностите за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во Општина Струмица, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации;

-Овозможување поинтензивна комуникација на спортистите и нивните здруженија, со спортистите од други градови, региони и светот, заради унапредување на меѓусебната соработка.

4.Финансирање

Активностите на општина Струмица од областа на спортот, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства на Буџетот на општина Струмица за 2016 година, спонзорства и донации.

-При реализација на Програмата, Општина Струмица ќе ги поддржува организаторите на спортските манифестации при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

-Буџетот на Република Македонија за 2016 година (преку надлежните министерства);

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство

-Други извори.

5. Распоредување на буџетските средства

Средствата од Буџетот на општина Струмица за 2016 година од Програмата Л0 во износ од 14.050.000,оо денари, се распоредуваат како учество на Општина Струмица за поттикнување, подржување и помагање за следните активности од областа на спортот:

Л0: Програма за спорт

р.б.	**Назив на програмата**	**износ денари**
1	Проект Виарецо Академија Пандев	
2	Проект - ДА. И женските играат фудбал	
3	Дотација за спортски клубови	
4	Дотација за одбојка машки	
5	Дотација за одбојка женски	
6	Дотација за кошарка	
7	Дотација за Тиверија	
8	Дотација за Зоми мак	
9	Дотација за тренери во спорстки клубови	
10	Турнир авторели крос меѓународен	
11	Турнир во одбојка на песок	
12	Струмица опен ориентација	
13	Проект за ориентација на млади во планините	
14	Дотација за ФК Беласица	
15	Дотација за шампионски титули	
16	Спортски турнир во Водоча	
17	Дотација за КК Струмица	
	Вкупно:	**14.350.000**

6. Други форми и активности за подржување и помагање на спортските манифестации

Други спортски манифестации за остварување на целите на Прогамата, ќе се поддржуваат и помагаат особено преку следните форми на активности:

-Почесно покровителство на општина Струмица;

-Доделување награди, пригодни подароци и слично;

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадрите и опремата со која располага општина Струмица;

-Учество на претставниците на општина Срумица на протоколарни и промотивни средби, организирани по повод одржувањето на спортските манифестации.

- Формите на активности за поддршка и помош на спортските манифестации, ќе се реализираат од страна Општина Струмица и тоа по барање на организаторот на манифестацијата, усогласен со целите на оваа Програма и расположивите можности на општина Струмица

Општината на младите ќе им помага преку:

- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,

-организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот;

-организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

7. Завршни одредби

Градоначалникот на општина Струмица се грижи и обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-9794/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
…….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2016 година

Се објавува Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9795/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

334.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2016 година

1. Вовед

Програмата за активностите во областа на Локалниот економски развој претставува организирана дејност, со која се утврдуваат и реализираат заеднички проекти за создаваање услови за одржлив локален економски развој.

Програмата е конципирана за активности кои се определуваат и реализираат со непосредно учество на

граѓаните во процесот на одлучување, како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други асоцијации. Целта е создавање услови за одржлив локален развој и подобрување квалитетот на живот на граѓаните на подрачјето на Општина

2. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) во текот на 2016 година ќе биде насочена кон поддршка на локалниот економски развој и поттикнување на развојот на туризмот.

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни процеси согласно постојните стратешки документи.

3. Проектни активности – распоредување на буџетските средства

Програма G1: Подршка на ЛЕР

р.б.	Назив на активноста	износ денари
1	Посета на стопански објекти	
2	Проект - стратегија за енергетска ефикасност	
3	Проект - подршка на „Старт ап - бизнис за млади“	
4	Трансфер до центар за подршка на НВО	
5	Печатење на промотивни материјали на општината	
6	Членарина ЗЕЛС	
7	Трансфер по Закон за рамномерен развој	
8	Посети на саеми	
9	Локален економски социјален совет	
10	Форумски процес за Буџет - 2017	
11	Трансфер до Детски парламент	
12	Саем на денови на ранаградинарство: Кукла - Градинар	
13	Проект за подршка на НВО ИЗБОР за доградба	
14	Проект - награда на најубав двор	
15	Проект со Општински совет за безбедност	
16	Проект во Малезија на Даница Стојанова	
17	Проект во образованието „Наставници на сцена“	
18	Проектна документација за кино сала	
19	Проектна документација за концертна сала - Музичко училиште	
20	Проект за микрософт - лиценци за ученици	
21	Проект “Имам право да знам што јадеше моето дете “	
	Вкупно:	**13.740.000**

3.Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 13.740.000,оо денари, ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на општина Струмица за 2016 година –Програма Г1 и кофинансирање од страна на домашни и меѓународни институции, агенции и фондации.

4.Завршни одредби

Градоначалникот на општина Струмица, го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-9795/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов

……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2016 година

Се објавува Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9796/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

335.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2016 година

1. Ц е л и

Основни цели на оваа Програма се:

- обезбедување активен однос на Општина Струмица кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштитата на децата;
- создавање поквалитетни услови за децата од предучилишна возраст за престој во детските градинки;
- изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- подобрување на стандардот на граѓаните;
- осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби.

2. Активности

Активностите на општина Струмица во областа на социјалната заштита и заштитата на децата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Обезбедување услови за зачувување на здравјето на

децата за нормален раст и развој на детскиот организам;
- Обезбедување услови во детските градинки за реализирање на нивните цели, задачи и планирани прорамски содржини;
- создавање услови за отворање на дневни центри за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица;
- создавање услови за поповолен социјален живот во клуб за стари лица;
- создавање услови за формирање сервис за дотур на храна и лекови и грижана стари изнемоштени лица;
- создавање услови за континуирана работа на црковно-народна кујна;
- помош за семејства погодени од несреќи и елементарни непогоди;
- помош на социјално загрозени семејства;
- помош на лица – жртви на семејно насилство;
- промовирање на родовата рамноправност.

V1 – Детски градинки ……....…2.500.000,00 денари.

р.б.	**Назив на активноста**	
1	Дотација за детски градинки - трансфер	2.500.000

V2: Програма социјална заштита

р.б.	Назив на програмата	износ денари
1	Сензорна соба за деца со аутизам	
2	Проект за лица со посебни потреби	
3	Поправка на архитектонски пречки за хендикепирани	
4	Проект - Банка за Храна	
5	Трансфери за НВО по програма за социјална заштита	
6	Прифатилиште за жртви на семејно насилство	
7	Проект со Избор за 6 месеци за три лица	
8	Трансфер до Црвен Крст	
9	Трансфер на лица со посебни потреби за патни трошоци	
10	Трансефер за толкување за слепи лица на одлуки на општина	
	Вкупно:	**3.850.000**

VA – Програма за заштита на децата
и социјална заштита ……8.880.000,00 денари.

р.б.	Назив на активноста	износ денари
1	Три детски градинки во три населени места	
2	Влезна рампа во градска библиотека	
	Вкупно:	**8.880.000**

3.Трансвери до НВО

Трансверот до НВО за реализација на проекти ќе се реализира преку идентификација, подршка и соработка во реализацијата на иницијативи и предлози на проекти од интерес на општина Струмица , како и програмски активности поднесени од страна на здруженија на граѓани и фондации.

Релизацијата на средствата ќе се врши преку јавен повик за прибирање на барања за користење на среставата од Буџетот на општина Струмица, наменети за финасирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија на граѓани.

Проектите кои ќе бидат финансиски подржани од страна на Општина Струмица, Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа се однесуваат на стратешките цели дефинирани во Програмата.

4. Трансфери до физички лица

Трансферите до физичките лица ќе ги реализира Градоначалникот на општина Струмица согласно оваа Програма, по барање на лицата, поткрепено со соодветна документација и мислење од Одделението за услуги на граѓаните и месна самоуправа.

5. Финансирање

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства од Буџетот на општина Струмица предвидени за 2016 година. При реализацијата на Програмата, Општина Струмица ќе ги поддржува институциите и здруженијата на граѓани при реализирање на проектите од социјалната сфера на обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија;
- трговски друштва, јавни претпријатија,
- фондации и други правни и физички лица;
- заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство; и
- други извори.

6. Распоредување на буџетските средства

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината – Програма V1,V2 и VA и тоа:

V1: Дотација за детски градинки (трансфер)....2.500.000,оо денари;
V2: Програма за социјална заштита ..... 3.850.000,оо денари;
VA: Три детски градинки во населени места . 8.580.000,оо денари;
VA: Влезна рампа во градска библиотека ..... 300.000,оо денари;
Вкупно : ..... 15.230.000,оо денари

7. Активности поддржани со други форми на активности

Во Општина Струмица делуваат бројни здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација и инклузија на социјално запуштени лица, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи и зависници од дроги и други наркотици.

Општина Струмица ќе ги поддржи нивните напори за отворање дневни центри за згрижување и социјализација и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

8. Други форми на активности

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Струмица се:

- обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;
- организирање протоколарни средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Струмица.

9. Завршни одредби

Градоначалникот на општина Струмица го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози, врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-9796/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2016 година во Општина Струмица

Се објавува Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2016 година во Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9797/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

336.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2016 година во Општина Струмица

I. Со Општинската програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2016 година (во понатамошниот текст Програма), се определуваат годишнините на значајните настани и истакнати личности од посебно значење за развојот на Република Македонија и Струмица, за афирмација на историското и културното наследство и негување на општоцивилизациските

вредности и државните празници на Република Македонија, утврдени со закон.

II. Јубилејни одбележувања

Во 2016 година ќе се одбележат следните јубилејни одбележувања на годишнини на значајни настани и личности:

1. 25.06.2016 година
- **60 години** од раѓањето на трагично загинатиот претседател на Република Македонија – Борис Трајковски.
Носител: Комисијата.

2. 13.08.2016 година
- **65 години** од убиството на петтемина струмички студенти
Носител: Комисијата

3. 08.09.2016 година
- Ден на независноста на Република Македонија
- 25 години од референдумската определба за независна и суверена Република Македонија
Носител: Комисијата

4. 11.10.2016 година
- Ден на народно ослободителното востание на Македонија и Ден на борецот
- **75 години** од првите востанички истрели во Прилеп и Куманово против фашистичките окупатори.
Носител: Комисијата

III. Редовни одбележувања

Во 2016 година ќе се одбележат следните годишнини на значајни настани и личности:

<u>Февруари</u>

1. 04.02.2016 година
-**144 години** од раѓањето на апостолот на македонското револуционерно движење за ослободување од турското ропство Гоце Делчев
Носител: ОУ "Гоце Делчев" од Вељуса во содејство со Комисијата.

2. 26.02.2016 година
-**Дванаесет години** од загинувањето на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски
Носител: Комисијата

<u>Април</u>

1. 14.04.2016 година
- 19 години од смртта на еден од најеминентните македонски и роднокрајни писатели – Видое Подгорец.
Носител: ОУ "Видое Подгорец" Струмица во содејство со Комисијата.

<u>Мај</u>

1. 01.05.2016 година
-Меѓународен ден на трудот
Носител: Општинскиот синдикален совет

2. 04.05.2016 година

-**113 години** од убиството на апостолот на македонското револуционерно движење за ослободување од турското ропство Гоце Делчев.
Носител: Комисијата

3. 09.05.2016 година

-**Меѓународен ден на победата над фашизмот**
Носител: Комисијата
.
4. 12.05.2016 година
- 74 година од смртта на првоборецот Сандо Масев
Носител: ОУ "Сандо Масев" - Струмица во содејство со Комисијата.

5. 24.05.2016 год.
"Св. Кирил и Медодиј" – ден на сесловенските просветители
Носител: ОУ "Св. Кирил и Медодиј" с. Дабиле со содејство со Комисијата

6. 31.05.2016 година

- 144 година од раѓањето на еден од најистакнатите дејци и поклоници на македонското револуционерно движење за ослободување од турското ропство – Јане Сандански**.**

Носител: СОУ "Јане Сандански" – Струмица во содејство со Комисијата

Ј у н и

1. 01.06.2016 година
- 72 година од мајската офанзива-Варници

Носител: ОО на СБМ од НОАВМ во содејство со комисијата.

Ј у л и

1. 12.07.2016 година
-**74 година** од формирањето и излегувањето на јадрото на Првиот Струмички партизански одред
Носител: Општински одбор на СБМ од НОАВМ во содејство со Комисијата

2. 14.07.2016 година
- **72-години** од убиството на народниот херој Благој Јанков Мучето од страна на бугарскиот фашистички окупатор и домашните предавници.
Носители: Општински одбор на СБМ од НОАВМ, Локалната установа библиотека "Благој Јанков Мучето" Струмица и Домот за деца и млади "Благој Мучето" од Струмица во содејство со Комисијата.

Август

1. 02.08.2016 година
Ден на Републиката
- 113 години од Илинденското востание и создавање на Крушевската Република

- 72 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и поставувањето темелите на Македонската држава
Носител: Комисијата

Септември

1. 11.09.2016 година
- Ден на ослободувањето на Струмица

- **72 години** слободна Струмица
(Поради близината на Денот на независноста на Република Македонија и Денот на ослободувањето на Струмица, одбележувањето на двата датума ќе се реализира според заедничка програма).
Носител: Комисијата.

2. 21.09.2016 година
– Меѓународен ден на мирот.
Носител: Комисијата

Октомври

1. 23.10.2016 година
- Ден на македонската револуционерна борба
Носител: Комисијата

Декември

1. 11.12.2016 година
- Ден на заштитниците на Струмица – Светите 15 Тивериополски свештено-мученици
Оваа година се одбележуваат 1653 години од убиството на Светите петнаесет Тивериополски Свештеномаченици
Носител: Комисијата

IV

Покрај настаните од точка II и III, Локалната самоуправа во текот на годината ќе се вклучи и во одбележувањето на годишнини од раѓањето или смртта на личности кои се земени како патрони на различни институции, како и на настани од историјата на македонскиот народ што ќе бидат одбележувани од други институции и невладини организации.

V. Финансиски план

Финансиските средства за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат од Буџетот на општина Струмица за 2016 година во зависност од активностите што ќе бидат реализирани.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-9797/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
…….....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10,

21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата на Општина Струмица за работа со облиците на месна самоуправа во 2016 година

Се објавува Програмата на Општина Струмица за работа со облиците на месна самоуправа во 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9798/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

337.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10 и 21/10), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
на Општина Струмица за работа со облиците на месна самоуправа во 2016 година

1. Вовед

Граѓаните во општината за работите од непосредно и секојдневно значење за својот живот и работа одлучуваат преку облиците на месна самоуправа.

Во општината како облици на месна самоуправа во градот се основани урбани заедници и во населените места – месни заедници.

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа покренуваат иницијативи за:

- решавање на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје;
- изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, култури домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на општината за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

2. Финансирање

Финасирањето на облиците на месна самоуправа се реализира со:

- средства од Буџетот на општината;
- средства кои што општината им ги отстапува на облиците на месна самоуправа, согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги и
- подароци и други средства.

Во Буџетот на општина Струмица за реализација на активности од областа на месната самоуправа се предвидени вкупно 26.287.950,оо денари од кои во Програмата Д1 се предвидени 600.000,оо денари, а во Програмата ДА - Месна самоуправа (капитални објекти) се предвидени 25.687.950 денари, за реализација на следните активности:

Д1: Месна Самоуправа :		
р.б.	**Назив на програмата**	**износ денари**
1	Администратори на урбани и месни заедници плати	
	Вкупно:	**600.000**

ДА: Месна самоуправа (капитални објекти)		
р.б.	**Назив на програмата**	**износ денари**
1	Реконструкција на 6 домови на култура во села	
2	Паркови и зеленила во 5 населени места	
3	Пристапност до природен локалитет Банско	
4	Уредување на порој Тутеј во с. Габрово	
5	Изградба на нов Дом на култура во Куклиш	
	Вкупно:	**25.687.950**

3. Други активности

Градоначалникот може со решение да делегира вршење на определена работа за реализација на одреден непосреден интерес од секојдневно значење за животот и работата на жителите на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата протребни за извршување на работите, се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите .

Општинската администрација ги врши стручните, административн-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

4. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-9798/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2016 година

Се објавува Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9799/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

338.

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 4 став 2 и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), член 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14 и 104/15), член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04,

81/07, 55/13, 158/14 и 193/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2016 година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Струмица во 2016 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување,
- просторните специјализирани сили за заштита и спасување ,
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Струмица,
-Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Струмица, а ги покрива и подрачјата на соседните општини Василево, Босилово и Ново Село, кои немаат формирано сопствени противпожарни единици.

I. Цели

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

II. Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност.

Општина Струмица преку оваа Програма за 2016 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Струмица и другите општини .

III. Конкретни програмски активности на ТППЕ Струмица:

1. Гаснење пожари и спасување на луѓе и имоти загрозени во пожари и другити елементарни непогоди

ТППЕ-Струмица во текот на 2016 година, по дојава за настанат пожар на објекти и на отворен простор, ќе учествува во локализирање, гаснење на пожари и технички интервенции на подрачјето на општина Струмица, како и на подрачјата на другите општини од Струмичкиот регион: Ново Село, Босилово и Василево.

Воедно по барања на институциите од областа на заштитата и спасувањето ТППЕ –Струмица, ќе учествува во гаснење на настанати пожари со противпожарни екипи, механизација и техничка опрема и во соседните општини: Радовиш, Валандово и Берово, а по потреба и во други реони на Република Македонија.

2. Вршење на технички интервенции

- интервенирање при сообраќајни несреќи;
- спасување на луѓе од височини (објекти);
- спасување-извлекување на луѓе и домашни животни од длабочини, бунари , јами , пештери и сл.;
- црпење вода од поплавени објекти при елементарни непогоди;
- интервенирање при појава на акциденти со опасни материи;
- евакуација на луѓе, животни и материјални добра од загрозени средини;
- интервенирање во случај на сите елементарни непогоди, техничко-технолошки катастрофи и сл.;
- противпожарно обезбедување на јавни настани и манифестации, спортски натпревари , домашни и странски делегации и сл.

3. Анализа на пожари и технички интервенции на кои интервенирала ТППЕ-Струмица

ТППЕ- Струмица во текот на целата година ќе врши редовна анализа на секој настанат пожар и техничка интервенција со цел отстранување на пропустите и воведување на нови квалитетни и ефективни тактички методи при самите интервенции.

4. Стручно оспособување и усовршување на вработените во ТППЕ- Струмица.

За оспособување и усовршување на пожарникарите, Командирот на ТППЕ изготвува Годишен план и Програма за изведување на настава и обука која ја доставува до Градоначалникот на општина Струмица.

5. Испитување на исправноста на заштитната опрема.

Испитувањето на исправноста на заштитната опрема ќе се врши во текот на целата година по Упатството за испитување на опремата во ТППЕ- Струмица. По секоја интервенција се врши контрола на заштитната опрема и доколку на истата се воочат одредени недостатоци истите се отстрануваат од употреба или опремата се заменува со нова.

Покрај испитувањето на заштитната опрема во текот на целата година ќе се вршат дневни, неделни, месечни, годишни и вонредни прегледи на заштитната и техничката опрема со која што располага ТППЕ- Струмица.

6. Превентивни активности

Во текот на 2016 година ТППЕ Струмица со противпожарни патроли, настапи преку локалните средства за јавно информирање и организирање предавања, превентивно ќе делува и укажува на опасностите од појава на пожари на објекти, како и пожари на отворен простор (шумски пожари).

Предавања ќе се реализираат во претпријатија, училишта, детски градинки и други институции од аспект на потребата од заштита од пожари, експлозии и други опасни материи.

Превентивно информирање на граѓаните ќе се реализира преку електонските медиуми, преку флаери и други форми на информирање и ќе се однесува на опасностите од настанување на пожари, како и за мерките кои треба да се превземат за да не дојде до нивна појава.

Воедно ќе се реализираат и посети на општините: Василево, Босилово и Ново Село за лоцирање на објектите кај кои поради природата на работата постојат ризици од појава на пожари, изворите на вода што можат да се искористат за гаснење на пожари, водоводната мрежа, хидрантската мрежа и приодните патиштата кон одделни објекти.

7. Техничко опремување на ТППЕ-Струмица

Во текот на годината според Правилникот за минимална техничка опрема и средства за гаснење, ТППЕ Струмица треба да се опреми со следната опрема:

- пп апарати S-6 со сув прав 10 бр.
- пп апарати – полнење со CO2-10 бр.
- пп црева ф 52- 30 бр.
- турбо млазници-10 бр.
- моторни пумпи за извлекување вода – 2 бр.

- водонепропустливи фенери -15 бр.
- тутоген – пенило 1000 литри
- алуминиумски скали троделни - 3 бр.
- моторни пили за дрво – 3 бр.
- теренско возило
- видео проектор (за изведување теоретска настава)

Обезбедувањето на опремата ќе зависи и од обезбедување на средства од други извори.

8. Работи на одржување на објектот

Во текот на 2016 година предвидено е да се изврши:

- санација на дел од кровната конструкција;
- обновување на санитарниот јазол;
- варосување на просториите; и
- санација на прозорци и врати.

IV. Финасирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица-Струмица, утврдени со оваа Програма ќе се реализираат преку Буџетската програма W00 –Противпожарна заштита во вкупен износ од 21.920.000 денари од кои 9.220.000 денари се дотации од Буџетот на Република Македонија и 11.900.000,оо денари, средства од Буџетот на општина Струмица за 2016 година.

Финансирањето ќе се врши и од:

- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица;
- Приходи од други општини; и
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;

V. Завршни одредби:

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на општина Струмица, во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела.

Советот на Општина Струмица, активно ќе го следи спроведувањето на оваа Програма и ќе придонесува во нејзина реализација со покренување на иницијативи, давање мислења и поднесување на предлози за преземање на одредени мерки и активности во насока на подобрување на противпожарната заштита и севкупните активности од областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра на подрачјето на Општина Струмица.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр. 08-9799/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
…….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2016 година

Се објавува Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9800/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

339.

Врз основа на член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2016 година

I. Демографија

На крајниот југоисток на Република Македонија, веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници со Бугарија и Грција сместена е плодната Струмичка котлина, а во нејзиниот западен дел и истоимената општина Струмица. Околу 230 сончеви денови, поволна клима, лековита вода и многу природни реткости ја карактеризираат оваа општина. Струмица е економски и културен центар на Југоисточна Македонија, која последните години од земјоделско прерасна во аграрно – индустриско подрачје. Историски, од Астраион, преку Тиериопол па се до Струмица, материјалното и духовно богатство на овој град постојано се зголемувало.

Општина Струмица зафаќа површина од 485,59км2.

Според територијалната организација на единиците на локалната самоуправа од 2005 година подрачјето на општина Струмица го сочинуваат градот Струмица и следниве 24 населени места: Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиља, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица, Три Води и Чепели.

Население и социјална структура - Податоци од Попис 2002

Националност	**Вкупно**	**Процент**
Македонци	50.258	91,92
Турци	3.754	6.87
Роми	147	0,27
Власи	3	0,005
Срби	185	0,34
Албанци	3	0,005
Бошњаци	6	0,01
други	320	0,58
Вкупно	54.676	100

Полова структура

Пол	Вкупно	Процент
Жени	27.336	49.99
Мажи	27.340	50.01
Вкупно	54.676	100

Старосна структура по населени места во општина Струмица

Реден бр.	Населено место	мажи	жени	вкупно
1.	Струмица	17.402	17.909	35.311
2.	Баница	568	569	1.137
3.	Банско	988	1.004	1.992
4.	Белотино	12	17	29
5.	Вељуса	806	746	1.552
6.	Водоча	180	138	318
7.	Габрово	205	194	399
8.	Градско Балдовци	371	384	755
9.	Дабиља	1.000	946	1.946
10.	Добрејци	917	847	1.764
11.	Дорломбос	61	56	117
12.	Злешево	/	/	/
13.	Костурино	656	624	1.280
14.	Куклиш	1.330	1202	2.532
15.	Мемешли	23	21	44
16.	Муртино	1.117	1.092	2.209
17.	Орманли	17	17	34
18.	Попчево	185	158	343
19.	Просениково	782	768	1.550
20.	Раборци	55	50	105
21.	Рич	205	177	382
22.	Сачево	280	260	540
23.	Свидовица	173	152	325
24.	Три води	7	5	12
25.	Чепели	/	/	/
26.	Вкупно	27.340	27.336	54.676

II. Вовед

Концептот на еднакви можности на мажите и на жените сè уште претставува прашање што се проблематизира со оглед на фактот дека еднаквоста на жените според традиционалните сфаќања подразбира „право на жената да биде еднаква со мажот“. Податоците на глобално ниво зборуваат за сè уште постојната нееднаква дистрибуција на ресурси, права и моќ помеѓу мажите и жените. Имено, жените сè уште се соочуваат со нееднаквости во однос на можностите за вработување, добивање плата, пристап до правото на здравје и негово остварување, правата во бракот и семејството итн. Скоро во сите сфери на општественото живеење пристапот до ваквата дистрибуција на

ресурси и моќ најчесто го имаат мажите. Непочитувањето на женските човекови права подеднакво се случува како на ниво на законски прописи така и во примена на секојдневните обичајни правила на однесување (доследно почитување на обичајните практики многу често водат кон ограничување на правата на жените).
Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Македонија, е уставна категорија.
Локалниот акциски план за еднакви можности на Општина Струмица, тргнува од принципите на родовата еднаквост кои ги допираат генерално и човековите права гарантирани со Уставот.
Оваа Програма за еднакви можности на Општина Струмица за 2016 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можностина жените и мажите.

Основната цел на овој документ е да се подобри статутот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминацијата.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество. Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките насемејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

III. Приоритетни области

Приоритетни области во локалната заедница на кои треба да се насочат активностите и интензивира работата во 2016 година за воведување на родова рамноправност се:

1. Жените и човековите права

Унапредувањето на човековите права на жената и родовата еднаквост е трајна задача на сите општестевени фактори. Општина Струмица превзема активности на законодавен и функционален план за унапредување на севкупната состојба со човековите права, а во тој правец и на правата на жените и унапредување на родовата еднаквост.

2. Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница

За постигнување на зајакнување на жените и нивно подеднакаво учество во сите сфери на јавниот и приватниот живот, од суштинска важност е да се обезбеди и осигура рамноправност на жените во споделувањето на власта и активното учество во креирањето на политиките, одлучувањето на сите нивоа од јавниот и политичкиот живот.

3. Здравје и социјална заштита на жените

Здравјето е фундаментално човеково право. Целта на родово - заснованата здравствена политика е да се подобри здравствениот статус на популацијата преку намалување на јазот меѓу популационите групи кој произлегува од нивната различност. Во последните години статистичките податоци покажуваат дека информираноста на младите за репродуктивно здравје е на многу ниско ниво. Затоа со цел за превенција и заштита на младите од сексуално преносливите болести неопходно е континуирано подигање на свеста, информираност и едукација за грижата за сопственото здравје, преку спроведување на кампањи, трибини, едукативни предавања и други активности.
Локалните социјални политики можат да бидат од големо значење за унапредување на родовата еднаквост. Заради тоа, општина Струмица при планирање на социјалната политика и мерки за заштита ги зема предвид предизвиците со кои се соочуваат ранливите групи на жени: жените од руралните средини, жените од етничките заедници, самохраните мајки, жените со различни видови попреченості.

4. Економско јакнење на жените

Пазарот на труд во Македонија се карактеризира со исклучително висока стапка на економски неактивни жени (околу 55%) и висока стапка на невработеност кај жените. Економското јакнење и економската независност се клучните предуслови за остварување на родова еднаквост и оддржлив развој на локалната заедица. Во таа насока, промоција и поддршка за развој на женското претрпиемништво се исклучително битни механизми со кои општината може да придонесе за намалување на родовиот јаз во сите други области.

5. Родово одговорно буџетирање

Родово буџетирање претставува алатка за вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики, насочени кон постигнување на родова рамноправност. Родовото буџетирање не имплицира посебни буџети за мажите и жените, туку значи процена на буџетите од аспект на родова рамноправност и вклучување на родови перспективи на сите нивоа во процесот на буџетирање.

IV. Стратешки цели

Основни стратешки цели на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2016 година се:

1. Подобрување на информираноста на жените за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и дискриминација
2. Подобрување на информираноста, јакнење на јавната свест и едукација запроблемот на сите видови насилство;
3. Промовирање на потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 06/12) ;
4. Подобрување на информираноста и заштитата на сексуалното и репродуктивно здравје;
5. Поефикасна социјална заштита за жените од маргинализираните групи;
6. Подобрување, унапредување и зајакнување на економскиот статус на жените;
7. Интегрирање на родовите прашања во политиките финансиските инструменти, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Посебен фокус, во рамките на сите горенаведени приоритети, ќе биде ставен на унапредување на благосостојбата и намалување на нееднаквостите со кои се соочуваат жените од руралните средини и етничките заедници кои живеат на територијата на општината.

АКТИВНОСТИ 2016

Во текот на 2016 година во Општина Струмица се планира да се реализираат следните активности од доменот на еднаквите можности:

	цели	проекти	активности	временски период	резултати	носител на активноста	буџет мкд
1	Подобрување на информираноста на жените за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и дискриминација;	1.1 Анализа на состојбата во областа на човекови права, родова рамноправност и родовата дискриминација	Фокус групи на жени од руралните и урбаните заедници Изготвување на структуирани прашалници на тема човекови права,родова рамноправност и родова дискриминација Анализа и препораки добиени од фокус групите	Мај 2016	Препораки и подобрувања кои можат да бидат искористени за активности	Комисијата за еднакви можности	5.000 денари
		1.2 Спроведување на активности за јакнење на свеста и превенција на насилството врз жените	Организирање на активности во рамките на кампањата 16 Дена активизам против насислтвото врз жените	Ноември – Декември 2016	Зголемено ниво на информираност за сите видови на насилство врз жени, потребни механизми и услуги за поддршка на жените жртви на насилство	КЕМ во соработка со граѓанските организации	/
2	Градење на јавната свест за еднакви можности на мажите жените	2.1 Подигање на свеста за градење на социјално сензитивна средина за еднакви можности на мажите и жените	Отворен ден на Комисјата за еднакви можности на мажите и жените со граѓаните на Општина Струмица Презентација на се она што се работи на полето на родова еднаквост и добивање на препораки од населението во Општина Струмица	2016	Промовирана потребата за почитување на одредбите од Законот за еднакви можности на принципот на еднакви можности/ унапредување на еднаквите можности на жените и мажите	Комисијата за еднакви можности Центар на заедницата – Општина Струмица Организација на жени	/

3	Унапредување на здравјето, репродуктивните права и социјалната заштита	3.1 Промовирање на потребата од заштита на репродуктивните и сексуални права на младите (Зголемување на свесноста на младите за нивните сексуални и репродуктивни права и за сексуално преносливите инфекци)	Одржувања на едукативно предавања на младите средношколци за намалување на сексуално преносливите болести	Ноември 2016	Подобрување на информираноста на младите за сексуално преносливите болести и методите на заштита	Комисијата за еднакви можности НВО Гинеколог Психолог	10.000 денари
		3.2 Подобрување на социјалната заштита и пристапот до социјални услуги за жените од маргинализираните групи	Селектирање и спроведување на приоритетни алтернативни форми за унапредување на социјалната заштита со родова перспектива, согласно препораките на изработената социјалната карта	Континуирано 2016	Унапреден пристап до социјални услуги за жените од маргинализираните групи	КЕМ Одделение за социјална заштита Центар на заедницата Граѓански организации	/
		3.3 Подигање на свеста кај младите за родова еднаквост	Спроведување на кампања за подигнување на свеста кај младите средношколци за значењето на родовата еднаквост и за присутните предрасуди и стереотипи во нашето општество	Септември 2016	Подобрување на информираност на младите средношколци за значењето на родовата еднаквост	КЕМ НВО Општински средни училишта	/
4	Економско јакнење на жените преку родово одговорни буџети	4.1 Воведување на родово одговорно буџетирање во Програмата за Локален Економски развој	Активно учество на Комисијата за еднакви можности при подготовка, концепирање и реализација на проектот START UP – бизниси за млади до 29 години	Континуирано 2016	Поголем број на жени претприемачки и жени од руралните средини и ромското малцинство	Комисијата за еднакви можности во соработка со одделението за локален економски развој	6.000 денари (средствата за реализација на проектот START UP се дел од програмата за локален економски развој)

		4.2 Организирање на обуки за промоција на женско претприемнитство и јакнење на самодоверба на невработени жени за отпочнување на свој бизнис	КЕМ во соработка експерти а во консултација со Здруженија на граѓани	2016	Број на организирани обуки; Број на започнати бизниси	Комисија за еднакви можности	6.000денари
		4.3 Организирање на обуки за економско јакнење и можности за мали бизниси за особено ранливите групи на жени (жени од рурални средини, жените Ромки)	КЕМ во соработка са експерти кои треба да ги адаптират постоечките модули за работа или развијат нови и на тој начин бидат прифатливи и разбирливи за жена Ромка	2016	Обезбеден пристап до информации за жените од руралните средини и жените Ромки за можностите за започнување на сопствен бизнис	Комисија за еднакви можности	6.000 денари
		4.4 Мониторинг за развој на претприемнитство и мали бизниси кај жените	Комисија за еднакви множности	2016	Број на оддржани обуки Број на жени учеснички на обуките Број на жени од руралните средини учеснички на обуките Број на жени Ромки учеснички на обуките	Комисија за еднакви можности	/
		4.5 Промоција на женското претприемнитство како алатка за развој на локалните заедници	Одбележување на Меѓународниот ден на женско претприемништво, 19 Ноември	Ноемврри 2016	Зголемување на свеста на жената за претприемнитство	КЕМ во соработка со жени претприемачки	/
5	Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите	5.1 Воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво	Активно учество на Комисијата за еднакви можности при креирањето на локалните политики и алоцирањето на средствата од општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност и родовата перспектива	Континуирано 2016	Подигање на повисоко ниво на родовото одговорно распределување на средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од	Комисијата за еднакви можности Градоначалник	/

					аспект на родовата рамноправност		
		5.2 Континуиран о усовршување на вештините на членовите на КЕМ и администрац ијата за родово одговорното буџетирање	Обуки и менторски средби за претставници на администрацијата и КЕМ во рамки на проектот на UN Women за родово одговорни политики	Континуирано 2016	Унапредени знаења и вештини за подготовка и имплементац ија на родово одговорни политики во општината	Општината во соработка со UN Women	/
ВКУПНО :							**33.000 денари**

Во делот на имплементација на оваа Програма за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2016 година, ќе бидат вклучени Комисијата за родова еднаквост на мажите и жените на Општина Струмица, Средните општински училишта, Јавната здравствена установа-Струмица, Невладиниот сектор, Граѓанскиот сектор, Центарот на заедницата во Општина Струмица и UN Women, со цел создавање и подобрување на еднаквите можности помеѓу мажите и жените и превземање на превентивни мерки во делот на нивното нарушување и дискриминирање.

V. Мониторинг и евалуација

За успешна имплементација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2016 година, потребно е да се спроведе мониторинг на сите активности во периодот кој го покрива овој документ, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на Програмата и нејзиното влијание во Општина Струмица. Основни методи кои ќе бидат користени во мониторингот и евалуацијата се:

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Струмица и Координаторот за еднакви можности ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештаи за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Во делот на евалуацијата ќе се вклучи и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

Бр. 08-9800/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2016 година

Се објавува Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2016 година донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9801/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

340.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 став 1 точка 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

П р о г р а м а
за работа на Советот на општина Струмица за 2016 година

I. Општ дел

Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2016 година, се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на Република Македонија, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самуправа како и Статутот на општина Струмица и Деловникот за работа на Советот на општина Струмица.

Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот, обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

II. Посебен дел

Јануари – јули 2016 год.

1. **Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за втората половина од 2015 година**
   Изработува: СВР Струмица
   Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
   Усвојува: Совет на општина Струмица

2. **Завршна сметка на Буџетот на општина Струмица за 2015 година;**
   Изработува: Сектор за финансиски прашања
   Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
   Усвојува: Совет на општина Струмица

3. **Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2015 година;**
   Изработува: Одделение за комунални работи
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

4. **Извештај за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2015 година;**
   Изработува: Одделение за комунални работи
   Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   Усвојува: Совет на општина Струмица

5. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2015 година;**
Изработува: ЈП „Паркиралишта – Струмица“
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица
6. **Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Струмица за 2015 година;**
Изработува: Одделение за урбанизам
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица
7. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното зеленило во 2015 година;**
Изработува: ЈПКД „Комуналец“ Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица
8. **Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистоќа во 2015 година**;
Изработува: ЈПКД „Комуналец“ Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица
9. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2015 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица
10. **Извештај за реализација Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2015 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица
11. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2015 година**
Изработува: Сектор за локален економски развој и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица
12. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2015 година**;
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата.
Усвојува: Совет на општина Струмица
13. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2015 година**;
Изработува: Сектор за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица
14. **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2015 година;**
Изработува: Одделение за општи и правни работи и ТППЕ – Струмица.
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

15. **Извештај за реализација на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2015 година;**
Изработува: Организациониот одбор на Струмичкиот карневал;
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт; и
Комисија за општествени дејности;
Усвојува: Совет на општина Струмица

16. **Извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2015/2016 година во зимски услови;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

17. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2016 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

18. **Извештај за работата на ЈПКД "Комуналец" за 2016 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

19. **Финансов извештај за работата на ЈПКД "Комуналец" со Завршна сметка за 2015 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

20. **Извештај за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2015 година;**
Изработува: ЈП "Паркиралишта - Струмица" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

21. **Финансов извештај за работата на ЈП "Паркиралишта - Струмица " со Завршна сметка за 2015 година;**
Изработува: ЈП „Паркиралишта" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

22. **Извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" за 2015 година;**
Изработува: ЈП "Струмица гас" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

23. **Финансов извештај за работата на ЈП "Струмица-гас" со Завршна сметка за 2015 година;**
Изработува: ЈП „Струмица - гас" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

24. **Годишни завршни сметки на Средните општински училишта за 2015 година и тоа:**
- **Средно општинско училиште "Јане Сандански" Струмица**
- **Средно општинско училиште "Димитар Влахов" Струмица,**
- **Средно општинско училиште "Никола Карев" Струмица**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

25. **Годишни завршни сметки на Основните општински училишта и предучилишни установи за 2015 година и тоа:**

- **ОУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ОУ "Сандо Масев" Струмица;**
- **ОУ "Видое Подгорец" Струмица;**

- **ОУ "Маршал Тито" Струмица;**
- **ОУ "Даме Груев" Куклиш;**
- **ОУ "Маршал Тито" Муртино;**
- **ОУ "Гоце Делчев" Вељуса;**
- **ОУ "Св. Кирил и Методиј" Дабиле;**
- **ОУ "Герас Цунев" Просениково;**
- **Основното музичко училиште**
- **"Боро Џони" Струмица;**
- **ЈОУДГ "Детска радост" Струмица**

Изработуваат: Училиштата и ЈОУДГ "Детска Радост" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

26. Извештај за работата со годишна завршна сметка на Дом за деца и млади "Благој Мучето" Струмица за 2015 година;

Изработува: Дом за деца и млади "Благој Мучето"
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт.
Усвојува: Совет на општина Струмица

27. Извештај за работата со Годишна завршна сметка на ЛУБ "Благој Јанков - Мучето" Струмица, за 2015 година;

Изработува: ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој и Комисија за култура, образование и спорт.
Усвојува: Совет на општина Струмица

28. Буџетски календар за подготовка на Буџетот на општина Струмица во 2017 година;

Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

29. Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за првите шест месеци од 2016 година

Изработува: СВР Струмица
Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

Септември – декември 2016 г.

1. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2016 година;**

- **Изработува:** Сектор за финансиски прашања
- **Разгледува:** Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
- **Усвојува**: Совет на општина Струмица

2. **Извештаи за работа на средните училишта во Општина Струмица во учебната 2015/2016 година и тоа:**

- **СОУ "Јане Сандански" Струмица**
- **СОУ "Димитар Влахов" Струмица,**
- **СОУ "Никола Карев" Струмица.**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

3. **Извештаи за работа на основните училишта во Општина Струмица во учебната 2015/2016 година и тоа:**

- ОУ "Никола Вапцаров" Струмица;
- ОУ "Сандо Масев" Струмица
- ОУ "Видое Подгорец" Струмица,
- ОУ "Маршал Тито" Струмица,
- ОУ "Даме Груев" Куклиш,
- ОУ "Маршал Тито" Муртино,
- ОУ "Гоце Делчев" Вељуса
-ОУ "Св. Кирил и Методиј" Дабиле,
- ОУ "Герас Цунев" Просениково

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

4. **Извештај за работа на Основното музичко училиште "Боро Џони" Струмица во учебната 2015/2016** година;
Изработува: ОМУ "Боро Џони" Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

5. **Извештај за работа на ЈОУДГ "Детска радост" – Струмица во учебната 2015/2016 година;**
Изработува: ЈОУДГ "Детска радост" – Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

6. **Предлог - Годишни програми за работа на општинските средни училишта во Општина Струмица во учебната 2016/2017 година и тоа:**
- СОУ "Јане Сандански" Струмица;
- СОУ "Димитар Влахов" Струмица;
- СОУ "Никола Карев" Струмица;
Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

7. **Предлог-Годишни програми за работа на општинските основни училишта во Општина Струмица во учебната 2016/2017 година и тоа:**
- **ОУ "Никола Вапцаров" Струмица;**
- **ОУ "Сандо Масев" Струмица**
- **ОУ "Видое Подгорец" Струмица,**
- **ОУ "Маршал Тито" Струмица,**
- **ОУ "Даме Груев" Куклиш,**
- **ОУ "Маршал Тито" Муртино,**
- **ОУ "Гоце Делчев" Вељуса**
ОУ "Св. Кирил и Методиј" Дабила,
- **ОУ "Герас Цунев" Просениково**

Изработуваат: Училиштата
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

8. **Предлог-Годишна програма за работа на Основно музичко училиште "Боро Џони" Струмица за учебната 2016/2017 година;**
Изработува: ОМУ "Боро Џони" Струмица
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

9. **Предлог-Годишна програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" - Струмица за учебната 2016/2017 година;**
Изработува: ЈОУДГ "Детска радост" – Струмица
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

10. **Програма за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2016/2017 година во зимски услови;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

11. **Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" за 2017 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец"
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

12. **Програма за работата на ЈП "Паркиралишта-Струмица" за 2017 година;**
Изработува: ЈПКД "Комуналец"
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

13. **Програма за работата на ЈП "Струмица-гас" за 2017 година;**
Изработува: ЈПКД "Струмица-гас" Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата

Усвојува: Совет на општина Струмица

14. **Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2017 година;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

15. **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2017 година**;
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

16. **Програма за Јавното осветлување на општина Струмица за 2017 година;**
Изработува: Одделение за комунални работи
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

17. **Програма за донесување на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица во 2017 година**;
Изработува: Одделение за урбанизам
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува : Совет на општина Струмица

18. **Програма за одржување на јавната чистоќа во 2017 година;**
Изработува: ЈПКД „Комуналец“ Струмица
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
Усвојува: Совет на општина Струмица

19. **Програма за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2017 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

22. **Програма за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2017 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

20. **Програма за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2017 година**
Изработува: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

21. **Програма за активностите на општина Струмица за областа на социјалната заштита во 2017 година**;
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата.
Усвојува: Совет на општина Струмица

22. **Програма за активностите на општина Струмица за поддршката на НВО секторот во 2017 година**;
Изработува: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

23. **Програма за активностите на Општина Струмица во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2017 година;**
Изработува: Одделение за општи и правни работи и ТППЕ Струмица

Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
Усвојува: Совет на општина Струмица

24. **Програма – календар за одбележување на празници и манифестации во 2017 година;**
Изработува: Одделение за јавни дејности
Разгледува: Комисија за општествени дејности
Усвојува: Совет на општина Струмица

25. **Програма за реализацијата на Струмички карневал – 2017 год.**
Изработува: Организационен одбор на Струмичкиот карневал
Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
Усвојува: Совет на општина Струмица

26. **Предлог-Буџет на општина Струмица за 2017 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

27. **Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2017 година;**
Изработува: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
Усвојува: Совет на општина Струмица

28. **Програма за работа на Советот на општина Струмица за 2017 година.**
Изработува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
Разгледува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
Усвојува: Совет на општина Струмица

III. Нормативен дел

Овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2016 година ја регулира нормативната дејност на Советот односно донесување на програми, одлуки, решенија и заклучоци од надлежност на Советот, како и акти за усогласување со постојните прописи и прописите што ќе бидат донесени во текот на 2016 година од страна на државните органи.

Материјалите утврдени со Програмата и другите акти по кои Советот ќе се произнесува во текот на 2016 година претходно ќе ги разгледуваат комисиите при Советот на општина Струмица, согласно надлежностите утврдени со Статутот на општина Струмица.

IV. Завршен дел

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници, да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2016 година, Советот на општина Струмица ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2016 година, влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струмица", а ќе се применува од 01 јануари 2016 година. .

Бр. 08-9801/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
……..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Струмица

Се објавува Одлуката за долгорочно задолжување наОпштина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9802/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

341.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за долгорочно задолжување на Општина Струмица

I. Општи одредби

Член 1

Со оваа Одлука Општина Струмица се задолжува долгорочно домашно задолжување кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за заем со деловна банка согласно распишан оглас, а со цел за финансирање на капитален инвестиционен проект во областа на енергетиката.

Член 2

Потребата од долгорочното задолжување на Општината е вршење на дејност од јавен интерес, кој е утврден по спроведена јавна расправа.

II. Вид и цел на задолжувањето

Член 3

Видот и целта на задолжувањето е заем за реализација на општински проект за дејности во областа на енергетиката (пренос, управување, дистрибуција со природен гас) капитален објект, кој е утврден по спроведената јавна расправа.

III. Максимален износ и начин на задолжување

Член 4

Задолжувањето ќе биде кај деловна банка согласно понудените услови.

Член 5

Висината на задолжувањето, односно максималниот износ на главницата изнесува 43.000.000,00 денари.

Висината на каматната стапка ќе биде согласно понудените услови на огласот.

IV. Начин на отплата

Член 6

Општината се обврзува дека во рок 10 работни дена по секоја исплата во врска со долгот, да го известува Министерството за финансии.

За долгорочното задолжување Општината ќе изготви План за финансискиот капацитет и начинот на отплаќање, како и амортизационен план.

V. С о г л а с н о с т

Член 7

Општината е должна да потпише Договор за заем и истиот да го достави во рок од 10 работни дена до Министерството за финансии.

Член 8

За долгорочно задолжување на Општината потребна е претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Член 9

По добивањето на писмената согласност од Владата на Република Македонија, општината може да започне процедура за задолжување, во исти услови и рамки под кои е одобрено и барањето на Општината за долгорочно задолжување.

VI. Завршни одредби

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“, а ќе се применува по добивањето на писмената согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 08-9802/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
……..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изработка и имплементација на проект "SMART управување со ресурси за одржлив развој во прекуграничниот регион"

Се објавува Одлуката за изработка и имплементација на проект "SMART управување со ресурси за одржлив развој во прекуграничниот регион", донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9803/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
……..

342.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за изработка и имплементација на проект "SMART управување со ресурси за одржлив развој во прекуграничниот регион"

Член 1

Се прифаќа изработка и имплементација на проект "SMART управување со ресурси за одржлив развој во прекуграничниот регион" со кој општина Струмица ќе аплицира за добивање средства, во рамките на првиот Повик за проектни предлози, од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020, CCI: 2014TC16I5CB006-2015-1.

Член 2

Носител на проектот е општина Петрич - Република Бугарија, а партнер во имплементацијата на проектот е општина Струмица - Република Македонија.

Член 3

Со овој Проект ќе се аплицира во Приоритетна оска 1 - Животна средина, Специфична цел 1.1 - Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион, Област на интервенција - 085 Заштита и подобрување на биолошката разновидност, заштита на природата и еколошка инфраструктура.

Член 4

Се задолжува Одделението за меѓународна соработка и европски фондови при општина Струмица да го изготви и аплицира проектот и да ги превзеде сите неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

Член 5

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набаваат во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од 5 години после неговото завршување.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-9803/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изработка и имплементација на проект "Подобрување на условите за превенција од пожари во прекуграничниот регион на Општина Струмица, Република Македонија и Општина Сатовча, Република Бугарија"

Се објавува Одлуката за изработка и имплементација на проект "Подобрување на условите за превенција од пожари во прекуграничниот регион на Општина Струмица, Република

Македонија и Општина Сатовча, Република Бугарија", донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9804/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

343.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за изработка и имплементација на проект "Подобрување на условите за превенција од пожари во прекуграничниот регион на Општина Струмица, Република Македонија и Општина Сатовча, Република Бугарија"

Член 1

Се прифаќа изработка и имплементација на проект "Подобрување на условите за превенција од пожари во прекуграничниот регион на Општина Струмица и Општина Сатовча" со кој Општина Струмица ќе аплицира за добивање средства, во рамките на првиот Повик за проектни предлози, од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020, CCI: 2014TC16I5CB006-2015-1.

Член 2

Носител на проектот е Општина Струмица - Република Македонија, а партнер во имплементацијата на проектот е Општина Сатовча од Република Бугарија.

Член 3

Со овој Проект ќе се аплицира во Приоритетна оска 1 - Животна средина, Специфична цел 1.2 - Спречување и намалување на последиците од природни катастрофи и катастрофи причинети од човечкиот фактор во прекуграничниот регион, Област на интервенција - 087 Мерки за адаптација кон климатските промени и управување со ризици кои се поврзани со климата, на пример ерозија, пожари, поплави, бури и суши, вклучително зголемување на информираноста, граѓанска заштита и системи за управување на непогоди и инфраструктура.

Член 4

Се задолжува Одделението за меѓународна соработка и европски фондови при општина Струмица да го изготви и аплицира проектот и да ги превзеде сите неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

Член 5

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набаваат во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од 5 години после неговото завршување.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-9804/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.
…….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изработка и имплементација на проект
"Еко - градинки за одржлива иднина"

Се објавува Одлуката за изработка и имплементација на проект "Еко - градинки за одржлива иднина", донесена

на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9805/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

364.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за изработка и имплементација на проект “Еко - градинки за одржлива иднина”

Член 1

Се прифаќа изработка и имплементација на проект “Еко - градинки за одржлива иднина” со кој Јавната општинска установа за деца - Детска градинка "Детска радост" - Струмица ќе аплицира за добивање средства, во рамките на првиот Повик за проектни предлози, од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020, CCI: 2014TC16I5CB006-2015-1.

Член 2

Носител на проектот е Јавната општинска установа за деца - Детска градинка "Детска радост" - Струмица**,** Република Македонија, а партнер во имплементацијата на проектот е Обединета Детска градинка “Први Јуни” - Ќустендил, Република Бугарија.

Член 3

Со овој Проект ќе се аплицира во Приоритетна оска 1 - Животна средина, Специфична цел 1.1 - Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион, Област на интервенција – 085 Заштита и подобрување на биолошката разновидност, заштита на природата и еколошка инфраструктура.

Член 4

Се задолжува Јавната општинска установа за деца - Детска градинка "Детска радост" - Струмица да го изготви и аплицира на проектот и да ги превзеде сите неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

Член 5

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набаваат во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од 5 години после неговото завршување.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-9805/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изработка и имплементација на проект “Безбеден прекуграничен регион Благоевград - Струмица – подобрување на подготвеноста на локалните власти за справување со природни непогоди”

Се објавува Одлуката за изработка и имплементација на проект “Безбеден прекуграничен регион Благоевград - Струмица – подобрување на подготвеноста на локалните власти за справување со природни непогоди”, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9806/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

345.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за изработка и имплементација на проект “Безбеден прекуграничен регион Благоевград - Струмица – подобрување на подготвеноста на локалните власти за справување со природни непогоди”

Член 1

Се прифаќа изработка и имплементација на проект “Безбеден прекуграничен регион Благоевград - Струмица - подобрување на подготвеноста на локалните власти за справување со природни непогоди” со кој Јавното претпријатие за комунални дејности “Комуналец” - Струмица ќе аплицира за добивање средства, во рамките на првиот Повик за проектни предлози, од Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020, CCI: 2014TC16I5CB006-2015-1.

Член 2

Носител на проектот е Директоратот за западноегејски слив, Благоевград - Република Бугарија, а партнер во имплементацијата на проектот е Јавното претпријатие за комунални дејности ”Комуналец” - Струмица, Република Македонија.

Член 3

Со овој Проект ќе се аплицира во Приоритетна оска 1 - Животна средина, Специфична цел 1.2 - Спречување и намалување на последиците од природни катастрофи и катастрофи причинети од човечкиот фактор во прекуграничниот регион, Област на интервенција - 087 Мерки за адаптација кон климатските промени и управување со ризици кои се поврзани со климата, на пример ерозија, пожари, поплави, бури и суши, вклучително зголемување на информираноста, граѓанска заштита и системи за управување на непогоди и инфраструктура.

Член 4

Се задолжува Јавното претпријатие за комунални дејности ”Комуналец” - Струмица да го изготви и аплицира проектот и да ги превзеде сите неопходни активности во согласност со Насоките за аплицирање.

Член 5

Целиот имот на кој ќе се извршат инвестиции и сите средства кои ќе се набаваат во рамките на гореспоменатиот проект ќе се користат за остварување на целите на проектот, во период од 5 години после неговото завршување.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-9806/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за усвојување на Акциски план за комуникации со јавностите на Општина Струмица

Се објавува Одлуката за усвојување на Акциски план за комуникации со јавностите на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9807/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.
.....

346.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за усвојување на Акцискиот план за комуникации со јавностите на Општина Струмица

Член 1

Се усвојува Акцискиот план за комуникации со јавностите на Општина Струмица.

Член 2

Акцискиот план за комуникации со јавностите на Општина Струмица е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-9807/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритетен проект за изработка на Регионален план со десет општински планови за интегрирано управување со отпад во Југоисточниот плански регион

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритетен проект за изработка на Регионален план со десет општински планови за интегрирано управување со отпад во Југоисточниот плански регион, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9808/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

347.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на приоритетен проект за изработка на Регионален план со десет општински планови за интегрирано управување со отпад во Југоисточниот плански регион

Член 1

Се утврдува приоритет на Проект за изработка на Регионален план со десет општински планови за интегрирано управување со отпад во Југоисточниот плански регион.

Член 2

Со утврдениот приоритетен Проект ќе се аплицира на Јавниот оглас на Бирото за регионален развој на Република Македонија за прибирање на предлог проекти за развој на планските региони, преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

Член 3

Согласно критериумите на Бирото за регионален развој на Република Македонија, Општина Струмица за реализација на Проектот ќе обезбеди сопствено учество преку кофинансирање во износ од 234.600,00 денари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-9808/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9809/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

348.

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15 и 193/15) и член 20 став 1 точка 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за измена на Одлуката за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица

Член 1

Во Одлуката за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 10/07), во член 7 ставот 1 се менува и гласи: „Општина Струмица во почетокот на секоја година, а најдоцна до 01 март, објавува оглас за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.“

Член 2

Во целиот текст на Одлуката за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица зборовите: „Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР“ се заменуваат со зборовите „Секторот за урбанизам и комунални работи“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр. 08-9809/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Струмица

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9810/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

349.

Врз основа на член 53 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15 и 193/15) и член 20 став 1 точка 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 10/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Струмица

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 21/10, 12/12, 28/12, 21/13 и 16/14) во член 16 став 1 алинеја 1 се менува и гласи:

„- старт (почеток) на превозот до два километри во дневен и ноќен превоз ..... 50,00 денари“.

Член 2

Во член 52 зборовите: „ќе се применува од 01.01.2016 година“, се заменуваат со зборовите „ќе се применува од 01.01.2017 година“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр. 08-9810/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…….....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9811/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

350.

Врз основа на член 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15) и член 20 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица

Член 1

Во Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 1/14, 7/15 и 10/15), во член 4 став 1 по алинеја 8 се додаваат 10 нови алинеи (9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18), кои гласат:

- „ Улица „ ДЕБАРСКА“;
- Улица „1-ВИ МАЈ“;
- Улица „ ВАСИЛ СУРЧЕВ“;
- Улица „ БРАТСТВО ЕДИНСТВО“;
- Улица „24-ТИ ОКТОМВРИ„;
- Улица „МЛАДИНСКА“ (од Медицински центар до кружен тек на бул. „Гоце Делчев“);
- Улица „ПАНЧЕ ПЕШЕВ„ (од крстосница со ул.„ Младинска“ до крстосница со ул.„Братство Единство“);
- Улица „САВА КОВАЧЕВИЌ“;
- Улица „ВАНЧО КИТАНОВ“; и
- Улица „ЈАНЕ САНДАНСКИ“.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-9811/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Дел од Блок 37, Општина Струмица, плански период 2015-2020

Се објавува Одлуката за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Дел од Блок 37, Општина Струмица, плански период 2015-2020, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9812/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

351.

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Дел од Блок 37, Општина Струмица, плански период 2015-2020

Член 1

Се донесува Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Дел од Блок 37, Општина Струмица, плански период 2015-2020.

Член 2

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за Дел од Блок 37, Општина Струмица, плански период 2015-2020, е со површина од 1,2 ха и со граничен опфат:

- Од северна страна со осовина на ул.„Ѓуро Салај“;
- Од источната страна со осовина на ул.„11-ти Октомври“;
- Од јужна страна со осовината на улица „Чеде Филиповски“; и
- Од западна страна со осовина на ул.„Тодор Циповски-Мерџан“.

Член 3

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за Дел од Блок 37, Општина Струмица, плански период 2015-2020, е изработен од Друштвото за просторни и урбанистички планови, инженеринг „Урбан“ доо - Штип со техн. број 193/14 од ноември 2015 година и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за Дел од Блок 37, Општина Струмица, плански период 2015-2020, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-9812/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во рамките на една градежна парцела – дел од Блок 9 (Блок 30 - согласно ГУП), за КП бр. 1787/1 КО Струмица, Општина Струмица, плански период 2012-2017

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во рамките на една градежна парцела – дел од Блок 9 (Блок 30 - согласно ГУП), за КП бр. 1787/1 КО Струмица, Општина Струмица, плански период 2012-2017, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9813/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

352.

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за донесување на Детален урбанистички план во рамките на една градежна парцела – дел од Блок 9 (Блок 30 - согласно ГУП), за КП бр. 1787/1 КО Струмица, Општина Струмица, плански период 2012-2017

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план во рамките на една градежна парцела – дел од Блок 9 (Блок 30 - согласно ГУП), за КП бр. 1787/1 КО Струмица, Општина Струмица, плански период 2012-2017.

Член 2

Деталниот урбанистички план во рамките на една градежна парцела – дел од Блок 9 (Блок 30 - согласно ГУП), за КП бр. 1787/1 КО Струмица, Општина Струмица, плански период 2012-2017, е со површина од 446 м² и со граничен опфат:

- Од север со ул.„Страшо Пинџур“;
- Од југ со КП бр. 1785/1 и 1788/2;
- Од запад со КП бр. 1786/1; и
- Од исток со КП бр. 1787/2.

Член 3

Деталниот урбанистички план во рамките на една градежна парцела – дел од Блок 9 (Блок 30 - согласно ГУП), за КП бр. 1787/1 КО Струмица, Општина Струмица, плански период 2012-2017, е изработен од Друштвото за проектирање, градежништво и инженеринг „Вектор 90“ Томе дооел - Струмица со техн. број 012-2702/2012 од август 2015 година и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Деталниот урбанистички план во рамките на една градежна парцела – дел од Блок 9 (Блок 30 - согласно ГУП), за КП бр. 1787/1 КО Струмица, Општина Струмица, плански период 2012-2017, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-9813/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10

и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок - дотацијата за основно образование за 2016 година

Се објавува Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок - дотацијата за основно образование за 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9814/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

353.

Врз основа на член 162 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на критериуми за распределба на блок - дотацијата за основно образование за 2016 година

Член 1

Со овие критериуми се уредува распределбата на блок дотацијата за основно образование за 2016 година.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за реализација на образовно – воспитниот процес во училиштата за основно образование во опшштина Струмица на која и се пренесени основачките права на основните училишта согласно Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08 .... 24/13) и која ги исполнила условите во согласност со членот 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), за календарската 2016 година, се врши по следните критериуми:

- Основна сума по училиште;
- Број на ученици во училиштето;
- Број на ученици во предметна настава;
- Број на ученици со посебни потреби;
- Број на подрачни училишта;
- Површина на училишниот објект

Член 3

Распределбата на средствата од блок дотацијата за основните училишта се врши според следната формула:

- БДОо=О + Пуо х С;
- ПУо=Уу+(Уу х Кпу + Упн х Кпн + Упп + Пу х Кпу + Пу х Кпу);
- БДОо – Блок дотација за основно образование на општината;
- О – Основна сума по училиште;
- ПУо – Пондерирани ученици;
- С – стандард по ученик (износ);
- Уу – Број на ученици во училиштето;
- Пу – површина на училиштето;
- Кпу – Коефициент за површината на училиштето (0.5);
- Упн – Ученици во предметна настава;
- Кпн – Коефициент за предметна настава (0.8);
- Упп – Број на ученици со посебни потреби во училиштето;
- Кпп – Коефициент за ученици со посебни потреби (1);
- Пу – Број на подрачни училишта;
- Кпу – Коефициент за подрачни училишта (1).

Член 4

Средствата определени од блок дотацијата за секое училиште се користат за финансирање на пренесените надлежности во основното образование.

Член 5

Распределените средства од блок дотацијата по основните училишта се насочуваат преку општина Струмица месечно или по динамика договорена меѓу Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“, а ќе се применува од 1 јануари 2016 година.

Бр. 08-9814/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…….....

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за средно образование за 2016 година

Се објавува Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за средно образование за 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 29.12.2015 година.

Бр.09-9815/2 Општина Струмица
30.12.2015 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....

354.

Врз основа на член 101 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.12.2015 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата за средно образование за 2016 година

Член 1

Со овие Критериуми се уредува распределбата на блок дотацијата за средно образование за 2016 година.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за реализација на наставно - воспитниот процес во училиштата за средно образование во општина Струмица како пренесена надлежност на локалната самоуправа и исполнетите услови согласно членот 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11 година) за календарската 2016 година, се врши по следните критериуми:

- Основна сума по училиште;
- Број на ученици во училиштето;
- Број на ученици во стручно образование; и
- Старост на училишниот објект.

Член 3

Распределбата на средствата од блок дотацијата за средно образование се врши според следната формула:

- БДСо= О + ПУо х С;
- ПУо= Уу + Ус х Кс + Ссу х Кс;
- БДСо - Блок дотација за средно образование на општината;
- О - Основна сума по училиште;
- ПУо – Пондерирани ученици во општината;
- С – Стандард по ученик (износ);
- Уу – Број на ученици во училиштето;
- Ус – Број на ученици во стручното образование;
- Кс – Коефициент за стручно образование (0.1);
- Ссу – Старост и состојба на училиштето;
- Кс – Коефициент за староста и состојбата на училиштето (0.5).

Член 4

Средствата определени од блок дотацијата за секое училиште се

користат за финансирање на пренесените надлежности во средното образование.

Член 5

Распределените средства од блок дотацијата од Буџетот на Република Македонија по средните училишта се насочуваат преку општина Струмица месечно или по динамика договорена меѓу Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“, а ќе се применува од 1 јануари 2016 година.

Бр. 08-9815/1 Совет на општина Струмица
30.12.2015 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……

